ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

---

# Програма за активна транспарентност на Општина Гевгелија за 2025 година

декември 2024 година

## I. Вовед

Доброто управување е императив и цел на секое избрано раководство/власт. Клучен предуслов за добро управување е јавноста, граѓаните да бидат информирани, секогаш да знаат и да разбираат - што и како работи водството кое го избрале. Од тие причини јавноста во работењето, т.е. транспарентноста е важен принцип кој овозможува граѓаните не само да знаат што и како работи власта, туку и да преземаат иницијативи и учество во креирањето на политиките, носењето на одлуките, кои се важни за сите во заедницата. Транспарентноста во работењето на власта и активното учество на граѓаните се предизвик од кој на најдиректен начин зависи квалитативот одговорност. Всушност, меѓузависноста на принципите транспарентност, учество и одговорност, се клучот на она кон што тежнее демократијата во современиот свет – отворена власт.

Според историјата, првиот законодавен акт за пристап до информации и слобода на печатот е донесен во Шведска (1766 година). Посериозен и сеопфатен прогрес во пракса, категоријата „отворена власт“ доживува во втрата половина на XX век кога во повеќето држави се донесени значајни закони, кои се однесуваат на човековите права, слободите, задолжителноста на јавните дебати, општествената одговорност и слично. Интенцијата за „отворена власт“ зема нов замав последниве десетина – петнаесет години особено заради развојот на информатичката и комуникациската технологија.

Како резултат на тоа е основањето на глобалната иницијатива за „отворена власт“ што како генерална интенција е официјализирана и од страна на Генералното собрание на ООН, во септември 2011 година, како доброволна мултилатерална иницијатива. Целта на оваа иницијатива е да обезбеди обврска на владите кон граѓаните за унапредување на транспарентноста, јакнење на улогата на граѓаните во креирањето на политиките и одлучувањето, борбата против корупцијата и користење на новите технологии, заради јакнење на системот на управување. Република С. Македонија официјално се приклучи кон оваа иницијатива уште на почетокот, во 2011 година.

За имплементирање на сите вредности кои произлегуваат од учеството во глобалното партнерство за отворена власт, последниве години на национално ниво реализирани се повеќе проекти. Генерално, во основата на сите нив се неколку значајни цели:

- Афирмирање на е-управувањето и воведување на единствени стандарди за отворена локална власт и отврени податоци, како чекор кон подобрување на транспарентноста и отчетноста и поттикнување на иницијативите на граѓаните и на граѓанските организации;
- Подобрување на транспарентноста на единиците на локалната самопурава преку воспоставување стандарди за отворени и паметни податоци на локално ниво заради подобро вклучување на граѓаните и на граѓанските организации во следењето на работата и донесените одлуки од страна на општините;
- Врз основа на проектните истражувања и анализи, дефинирани се индикатори (и мерливост на индикаторите), и врз основа на истите континуирано се следат состојбите и на годишно ниво се објавуваат резултатите.

## II. Законска заснованост

Активностите кои имаат за цел востановување пракса на активна транспарентност во работењето на Општина Гевгелија произлегуваат како обврска од следните закони:

- Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ 5/2002 и 202/2024)

- Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл весник на РМ“61/2004, 96/2004,67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, 244/2019, 53/2021, 77/2021, 173/2022 и 170/2024)
- Законот за буџетите („Сл. весник на РМ“ 64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009,95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016, 151/2021 и 87/2022)
- Законот за јавен долг („Сл. весник на РМ“ 62/2005, 88/2008, 35/2011, 139/2014, 98/2019, 151/2021)
- Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на РСМ“ 101/2019) и други закони, подзаконски и акти на општината.

Од Законот за локална самоуправа и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер произлегува обврската за единиците на локалната самоуправа за генерална отвореност на податоците и транспарентно работење воопшто (во однос на извршувањето на сите со закон дадени надлежности). Додека од законите за финасирање на општините, за буџетите и јавен долг, произлегува посебна обврска за она што генерално може да се нарече буџетска и даночна транспарентност.

**III. Опис на сегашната состојба**

Транспарентноста, како поим, не е новитет или непознаница, особено кога тема се прашањата, кои се однесуваат на јавниот живот и интересите на заедницата. Исто така, важно е да се нагласи дека транспарентноста во средината на минатата декада (2015/16 година), од често употребувана именка всушност се востанови во демократски принцип во работењето на избраните власти и администрацијата. Тогаш се дефинирани првите стандарди, индикатори и е отпочнато со реалното мерење на нивото на транспарентноста.

Како појдовна основа за да се направи првиот скрининг на општините, во периодот јуни - август 2016 година спроведено е истражување, според кое, генерално, од анализата на веб – страните на општините дадена е првата вкупна оценка. Според тие првични мерења, единиците на локална самоуправа во Р. Македонија се на ниво од 15,89% (од можни 100%) транспарентност. Општина Гевгелија со 27,56% го зазема 14 место, прва е Битола со 47,44%, втора Струмица со 45,51%. Бидејќи во тој период почнуваат реалните напори и активности насочени кон прифаќањето на принципот на транспарентност во работењето, спроведени се повеќе проекти на национално ниво, кои освен анализа на општинските веб-страни, опфаќаат и истражување на јавното мислење („Што сакаат да знаат граѓаните од локалните власти?“), прифаќање на применливи за наши услови методологии, утврдување на барометри, дефинирање на индикатори, принципи во работењето на јавната администрација, за да се прифатат и да се зачуваат вредностите на добро управување и слично. За неполна декада пракса во која паралелно се одвива процесот на учење и на практична примена, денес имаме значително подобрена состојба: од извршената анализа на сите општини во државата, пет општини (Берово, Битола, Валандово, Кавадарци и Кичево) со 100% го делат првото место за активна транспарентност, оквалификувана како „многу добра“. Во оваа група спаѓа и Општина Гевгелија, која со 91,4% го зазема 12 место меѓу општините, односно 28. место од вкупно 98 рангирани институции во државата, вклучително и министерства.

Притоа, треба да се нагласи дека оценката за активната транспарентност е всушност „збир“ на поединечно оценување на веб транспарентноста, буџетската и даночната транспарентност, отвореноста на податоците, отвореноста за пристап до информациите од јавен карактер и низа други сетови на податоци, кои се опфатени со оваа Програма.

Како стои Општина Гевгелија во поглед на отвореноста на податоците, односно активната транспарентност, покажува движењето на индексот во периодот 2016-2024 година.

Табела 1.

| Година | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| индекс на ак. тарнспарентност | 67,2 ↑ | 58,2 ↓ | 71,6 ↑ | 84,6 ↑ | 76,8 ↓ | 85,7 ↑ | 92,9 ↑ | 98,6 ↑ | 91,4 ↓ |

Сепак, наспроти податоците од табелата кои на Општина Гевгелија и обезбедуваат позиција во редот на општините оценети со „многу добра транспарентност“ што е највосоко ниво, имаме наод и препорака од Државниот завод за ревизија за подобрување на транспарентноста во врска со буџетскиот процес, со рализираните активности и со обезбедувањето на јавните услуги, односно се препорачува преземање на мерки и активности за подобрување на општинската веб страна како неопходна димензија за комуницирање со јавноста. Од друга страна, како општина имаме добро искуство во сферата на обезбедувањето на слободен пристап до информации од јавен карактер (Табела 2):

Табела 2.

| година | Поднесени барања | Одговорени барања | Подносители на барањата: | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | жени | мажи | НВО |
| 2021 | 20 | 20 | 7 | 5 | 8 |
| 2022 | 29 | 29 | 9 | 8 | 12 |
| 2023 | 25 | 25 | 9 | 6 | 10 |

Во претходната табела (2) дадена е и статистика од родов аспект бидејќи Општина Гевгелија посветува сериозно внимание на градење пракса на промовирање и практикување на принципот на унапредување на еднаквите можности помеѓу мажите и жените. Имајќи предвид дека Општина Гевгелија споредена со останатите општини во државата, го зазема 28-то место по големина, (со 8.386 домаќинства, 10.833 станови и 21.582 резидентно население од кои 10.700 се мажи а 10.882 - жени) слободно може да се каже дека во општината постои и добар родов баланс кога се во прашање еднаквите можности на мажите и жените.

Сакајќи Општина Гевгелија транспарентното работење да го подигне од ниво на „следење на демократски трендови“ до реално ниво на институционализирана пракса на активна транспарентност, Програмата предвидува јасно дефинирање на конкретни цели и активности кои се тема на следните поглавја.

## IV. Цели на Програмата за активна транспарентност

Клучна цел за имплементација на Програмата е Општина Гевгелија со институционализирање на конкретни процедури, активности, мерки и чекори во своето работење континуирано да ја подобрува праксата на отворено работење. Бидејќи во основа активната транспарентност претпоставува објавување на податоци и информации на сопствена иницијатива, без истите да бидат побарани по основа на законот за слободен пристап или на друг начин. Затоа, очекуван бенефит од имплематација на Програмата е да се воведе и институционализира пракса за проактивно објавување на информации со кои ќе се обелоденуваат и за граѓаните ќе бидат достапни одговори на прашањата битни за секојдневниот живот во локалната заедница.

Во основа, проактивниот однос на Општината, како единица на локалната самоуправа кон интересот на граѓаните кои ја сочинуваат локалната заедница значи навремено и редовно објавување на:

- информации за регулативата и одлуките на органите на локалната власт со што се остварува правото на граѓаните да бидат информирани за своите права и обврски во локалната заедница;
- информации што им се потребни на граѓаните за да бараат одговорност од локалните власти;
- информации коишто им се потребни на граѓаните за да можат да учествуваат во процесот на донесување на одлуки и
- информации коишто им се потребни на граѓаните за да можат да пристапуваат кон услугите што ги нуди и се во надлежност на Општината.

Општината, исто така, како институција со објавувањето на информации врз проактивна основа има бенефит од праксата на проактивна транспарентност по неколку основи:

- активната транспарентност и помага на општината да биде поодговорна во трошењето на јавните пари;
- преку активната транспарентност општината ги промовира принципите на добро владеење и интегритет и
- Општината е поефикасна од причина што подобро управува со информациите со коишто располага.

## V. Активности за реализација на Програмата за активна транспарентност

Во суштина, реализацијата на Програмата за активна транспарентност, не подразбира квантитет на активности кои ќе се реазлизираат со одредена динамика во текот на календарската година, туку, првенствено дефинирање и прифаќање на принципи и процедури кои, органите на локалната самоуправа (градоначалник и општински совет) и општинската администрација доследно ќе ги практикуваат во своето секојдневно, тековно работење. Во таа смисла, за да се постигне високо ниво на активна транспарентност, Програмата поблиску определува неколку начела од кои директно зависи реализацијата:

### **1. принципи на кои се заснова Програмата.**

1.1. Активна транспарентност

Во досегашното работење на Општина Гевгелија се практикуваше усвојување и реализација на Програма за комуникација и транспарентност. Сакајќи поблиску да се определат одредени процедури и да се подигне нивото на комуникација соодветно на современите околности и потреби, направена е терминолошка измена на насловот на самата програма. Така, тргнувајќи од суштината на интенцијата - податоците да бидат отворени и сите информации достапни, не само на барање на јавноста, туку првенствено на сопствена иницијатива на општината – насловот на Програмата се менува во Програма за активна транспарентност, како посеопфатен и покомлексен од претходниот.

1.2. Одговорност

Нагласувањето или воведувањето на задолжителната одговорност на надлежните субјекти во овој процес значи институционализирање на внатрешни процедури, кои се дополнителен гарант дека Општината ќе биде отворена во однос на податоците со кои располага и преземајќи ги сите потребни чекори и активности ќе обезбеди навремена достапност на тие податоци / информации до јавноста.

1.3. Отчетност

Принципот на отчетност како квалитатив на програмските активности значи дека Општина Гевгелија презема обврска и одговорност, секогаш јасно да ги образлага своите одлуки и локални политики, во континуитет да обезбедува процедури и механизми за соодветно артикулирање на сите иницијативи, сугестии, забелешки, несогласувања, поплаки и да дава аргументирани образложенија во случаите кога во некои свои конечни одлуки не вклучила одредени предлози.

1.4. Инклузивност и партиципативност

Бидејќи достапноста на информациите има за цел не само граѓаните да бидат информирани, туку и да можат да го остварат правото - да земат учество во процесот на донесувањето на одлуките, принципот на инклузивност и партиципативност има за цел да биде гарантиран и обезбеден механизмот тоа да се прави безбедно, еднакво и без дискриминација по било кој основ.

1.5. Интегритет

Како што во основа на секоја политика на интегритет е исклучивиот приоритет на јавниот интерес / интересот на локалната заедница, така и во оваа Програма принципот на интегритет значи дека сите чекори, дејства и активности на субјектите, вклучени во процесот на активна транспарентност на Општина Гевгелија се засновани на одредбите на законите, правилата, нормите и етичките стандарди, кои се однесуваат на администрацијата, избраните функционери во локалната самоуправа и нормите и процедурите за извршување на надлежностите.

## 2. Поставување и ажурирање сетови на отворени податоци

Дефинирањето на податочните сетови е направано врз основа на законските обврски на Општината како единица на локалната самоуправа. Нивната структура пак произлегува од конкретните надлежности на општината и внатрешната организација на општинската администрација.

Во таа смисла, дефинирани се следниве податочни сетови:

| **2.1. Идентитетет на Општина Гевгелија** | | |
|---|---|---|
| *Р. бр.* | *Податоци* | *Динамика на ажурирање* |
| 1. | Општи податоци:<br>- Географска локација и релјеф;<br>- Симболи (грб и знаме);<br>- Демографски податоци и населени места;<br>- Природни специфики;<br>- Историјат и културно наследство; | по потреба |
| 2. | Контакт податоци:<br>- телефонски броеви, веб-страна, е-маил адреси;<br>- контакт / лица со (посебни) овластувања; | по потреба |
| 3. | Меѓународна соработка:<br>- Збратимени општини;<br>- Партнерски општини во прекугранична соработка;<br>- Соработка со меѓународни институции; | по потреба |
| 4. | Политика на квалитет: | |

| | | |
|---|---|---|
| | - прифатени / стекнати меѓународни сертификати / пракси за квалитет, интегритет; | по потреба |
| 5. | Документи:<br>- закони и локални документи (Одлуки, Програми и сл.) според кои општината ги извршува своите надлежности и функции, Статут и Службени гласници (линк до истите) | по потреба |
| | **2.2. Градоначалник на Општина Гевгелија** | |
| 6. | - Биографија на актуелниот градоначалник<br>- Преглед на претходни градоначалници | по потреба |
| 7. | - Извештај/и за работа на Градоначалникот | по потреба |
| 8. | - Прес конференции, интервјуа, изјави, соопштенија за јавноста дадени од градоначалникот; | по потреба |
| 9. | - Прашај го градоначалникот; | по потреба |
| | **2.3. Совет на Општина Гевгелија** | |
| 10. | - Информации за членовите на Советот (стандардизирана биграфија и контакт);<br>- Преглед на членови на општинскиот советво претходните состави/мандати | по потреба |
| 11. | - Преглед на составот на Комисиите на Советот (постојани и повремени работни тела на советот) | по потреба |
| 12. | - Деловник за работа на Советот; | по потреба |
| 13. | - Информации за седниците на Советот и работните тела на Советот (ден и време на одржување и дневен ред, донесени одлуки); | најава и по одржувањето |
| 14. | Програма за работа на Советот | по потреба |
| 15. | Линк за следење во живо / снимка од седниците на Општинскиот совет; | пред, за време на одржувањето и по завршување на седниците |
| | **2.4. Администрација на Општина Гевгелија** | |
| 16. | - Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Гевгелија ; | при секоја измена или дополнување |
| 17. | - Правилник за систематизацијата на работните места во општинската администрација на Општина Гевгелија; | при секоја измена или дополнување |
| 18. | - Структура на општинската администрација; | при секоја измена или дополнување |
| 19. | - Органограм; | по потреба |
| 20. | - Преглед/список на вработени и контакт; | при секоја измена или дополнување |
| 21. | - Кодекс за административните службеници | по потреба |

| | | |
|---|---|---|
| 22. | - Годишен план за вработување; | при секоја измена или дополнување |
| | **2.5. Извршување на надлежностите на општината - услуги** | |
| 23. | Краток опис на општинските надлежности (линк до Законот за локална самоуправа) | по потреба |
| 24. | - Листа на услуги кои ги обезбедува општината; | при секоја измена или дополнување |
| 25. | - Процедура и упатство за добивање на секоја од услугите, | при секоја измена или дополнување |
| 26. | - Формулар/образец за добивање на услугите и информација за потребната такса | по потреба |
| | **2.6. Финансии – Буџетска транспарентност** | |
| | **2.6.1. Буџет на општината** | |
| 27. | - Нацрт Буџет | кога ќе се подготви |
| 28. | - Предлог Буџет | кога ќе се подготви |
| 29. | - Усвоен буџет | по усвојување од Советот |
| 30. | - Граѓански буџет | по усвојување на Буџетот од страна на Советот |
| 31. | - Измени и дополнување на буџетот | веднаш по секоја измена и дополнување од Советот |
| 32. | - Завршна сметка | по усвојување од Советот |
| 33. | - Квартални финансиски извештаи | Квартално, по усвојување од Советот |
| 34. | - Годишни финансиски извештаи | по усвојување од Советот |
| 35. | - План на Програми за развој | по донесувањето од Советот и веднаш по секоја измена и дополнување од Советот |
| 36. | - План за јавни набавки | по донесувањето од страна на градоначалникот и веднаш по секоја измена и дополнување |
| 37. | - Извештај за реализација на јавните набавки | квартално |
| 38. | Извештаи од Државниот завод за ревизија | По добивање од ДЗР |
| 39. | -Буџети, завршни сметки и квартални извештаи на ЈП и Установи основани од општината; | По давањето согласност на истите од Советот на општината |
| | **2.6.2. Даночна транспарентност** | |
| 40. | - Описна информација за даночниот систем на општината преку која граѓаните ќе бидат информирани за локалните даноци и обврските кои произлегуваат од законска и локална регулатива за управување со јавните локални приходи (линк до закон/и, општински одлуки, правилници, методологии и сл.); | по потреба и редовно доколку има измени |
| 41. | - Табеларен преглед за видот на локалните даноци и стапките на оданочување, даночната основа; | по потреба и редовно доколку има измени |
| 42. | - Табеларен преглед / структура на | по потреба |

| | | |
|---|---|---|
| | даночните обврзници и проекција на даночните приходи; | и редовно доколку има измени |
| 43. | - Даночен календар (рокови за плаќање на сите даноци и такси); | по потреба и редовно доколку има измени |
| 44. | - Упатство и процедура кои ќе им овозможат на граѓаните да го остварат правото на жалба; | по потреба и редовно доколку има измени |
| 45. | - Упатство за е-плаќање на даноците; | по потреба и редовно доколку има измени |
| | **2.6.3. Имот на општината** | |
| 46. | - Преглед на недвижен имот во сопственост на општината; | по потреба и редовно доколку има измени |
| 47. | - Преглед на движен имот во сопственост на општината; | по потреба и редовно доколку има измени |
| 48. | - Регулатива (услови) за рапослагање/управување, користење на имотот чиј соспственик е општина Гевгелија; | по потреба и редовно доколку има измени |
| | **2.7. Урбанизам** | |
| 49. | - Годишна програма за изработка на урбанистички планови; | по усвојување од Советот и веднаш по секоја измена и дополнување од Советот |
| 50. | - Извештај за реализација на годишната програма за изработка на урбанистички планови ; | по усвојување од Советот |
| 51. | -Ппредлог плански документи / урбанистички проекти; | Веднаш штом ќе бидат изготвени |
| 52. | - Предлог урбанистички планови (обезбеден е-пристап); | Веднаш штом ќе бидат изготвени |
| 53. | - Усвоени (важечки) урбанистички планови (обезбеден е-пристап); | по усвојување од Советот |
| 54. | - Усвоени плански документи; | по усвојувањето |
| 55. | - програма за финасирање, одржување и заштита на објекти од култрното наследство, споменици и други објекти во општината; | по усвојување од Советот |
| 56. | - Извештај за реализација на Програмата за финасирање, одржување и заштита на објекти од култрното наследство, споменици и други објекти во општината; | по усвојување од Советот |
| 57. | - Годишен извештај за издадени одобренија за градба; | по изготвувањето |
| 58. | -Информација за поднесени барања за легализација и легализирани објекти; | По изготвувањето, најмалку еднаш во годината |
| 59. | - Листа/преглед на објекти со сертификат за енергетска ефикасност; | По изготвувањето, најмалку еднаш во годината |
| 60. | - Мапа со детален преглед на патишта, | По изготвувањето и при |

| | | |
|---|---|---|
| | велосипедски патеки и пешачки патеки и зони; | секоја промена |
| 61. | - Листа/преглед на паркинг места и услуги од тој вид (елетронски достапна мапа); | По изготвувањето и при секоја промена |
| 62. | -Преглед / мапа со имиња на улици и броеви на објекти (листа на улици чиј имиња се сменети или се планира да бидат сменети); | По изготвувањето и при секоја промена |
| 63. | - Листа на станбени згради и управители; | По изготвувањето и при секоја промена |
| 64. | - Информација / квартални извештаи за преземените инспекциски активности и мерки од областа урбанизам и градежништво од страна на општиснката инспекциска служба; | квартално |
| | **2.8. Заштита на животната средина** | |
| 65. | - Катастар на животна средина; | по изготвувањето |
| 66. | -Мапа на поспостоечки зелени зони во општината (паркови); | по изготвувањето |
| 67. | Мапа на планирани зелени зони во општината (паркови); | по изготвувањето |
| 68. | - Информација за издадени Б - интегрирани дозволи за влијанието врз животната средина; | По изготвувањето, најмалку еднаш во годината |
| 69. | - Информации за состојбата со квалитетот / загаденост на возуход, водата и почвата на подрачјето на општината со оценка за стапката на загаденост и најчести причинители / загадувачки супстанци, оценка за влијанието на издувните гасови од возилата во загадувањето на воздухот, број и локација на мерни станици – ниво на нивна функционалност); | По изготвувањето, најмалку еднаш во годината |
| 70. | - Листа на присутни загадувачки супстанци и загадувачи на подрачјето на општината; | по изготвувањето |
| 71. | - Информација околу политиката на локалната самоуправа во поглед на производство, селекцијата, собирањето, третманот и складирањето на отпад; | по изготвувањето |
| 72. | - Информација за справувањето со отпадните води на претпријатија кои работат со хемиски и биолошки материи и оценка за нивното влијание врз околината; | по изготвувањето |
| 73. | - Информација / статистика за грејната сезона (кој енергенс најчесто се користи и како тоа се одразува на квалитетот на воздухот); | по изготвувањето |
| 74. | - Листа на собирни центри/локации и распоред на подигање на кабаст и е-отпад (листа на овластени фирми за подигање на отпадот); | по изготвувањето |
| 75. | - Обем на користење на обновливи извори на енергија; | по изготвувањето |
| 76. | - Листа на усвоени мерки за тоа како да се намали загадувањето во општината; | по изготвувањето |
| 77. | - Информација / квартални извештаи за | |

| | | |
|---|---|---|
| | превземените инспекциски активности и мерки за заштита на животната средина од страна на оптиснката инспекциска служба; | квартално |
| | **2.9. Градежно земјиште** | |
| 78. | - Годишна програма за располагање со градежно земјиште; | по усвојување од Советот |
| 79. | -Извештај за реализација на Годишната програма за располагање со градежно земјиште; | по усвојување од Советот |
| 80. | -Иинформација за активностите за оттуѓување на градежно земјиште; | Редовно при спроведување на секоја објава / постапка |
| | **2.10. Комунални работи** | |
| 81. | - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици; | по усвојување од Советот |
| 82. | - Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици; | по усвојување од Советот |
| 83. | - Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на општината; | по усвојување од Советот |
| 84. | Извештај за реализација на Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на општината; | по усвојување од Советот |
| 85. | - Програма за јавно осветлување; | по усвојување од Советот |
| 86. | - Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување; | по усвојување од Советот |
| 87. | - Стратегија, Годишна програма за подигање и оддржување на зеленило на подрачјето на општина Гевгелија; | по усвојување од Советот |
| 88. | - Извештај за реализација на (Стратегија) Годишната програма за подигање и одржување на зеленило на подрачјето на општина Гевгелија; | по усвојување од Советот |
| 89. | - Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња и контрола на кучиња со сопственик, затекнати на јавна површина; | по усвојување од Советот |
| 90. | - Извештај за реализација на Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња и контрола на кучиња со сопственик затекнати на јавна површина; | по усвојување од Советот |
| 91. | - Листа на превозници и моторни возила регистрирани за вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај; | По изготвувањето и при секоја промена |
| 92. | - Програма за работните активности на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија;<br>- Извештај за реализација на Програмата; | по усвојување од Советот |
| 93. | - Листа на услуги кои ги врши комуналното претпријатие; | По изготвувањето |

| | | |
|---|---|---|
| 94. | - Листа на депонии на подрачјето на општината и редовни информации за состојбата со истите; | По изготвувањето |
| 95. | - Листа на пазари на подрачјето на општината; | По изготвувањето |
| 96. | - Паркинзи на подрачјето на општината (локација и услови за користење); | По изготвувањето |
| 97. | - Редовни / најмалку квартални извештаи / информации за активностите во сферата на комуналните работи (што се планира, проекти во тек – краток опис на проектот, динамика на реализација, буџет, извори на финансирање) | Најмалку квартално |
| 98. | - Информација / квартални извештаи за преземените инспекциски активности и мерки од страна на општисннката инспекциска служба од областа на комуналните работи; | квартално |
| | **2.11. Образование** | |
| 99. | - Стратегија / годишна програма за образование; | по усвојување од Советот |
| 100. | - Преглед / Листа и општи податоци за основните и средните училишта на подрачјето на општината; | По изготвувањето и при секоја промена |
| 101. | - Број на ученици по населени места (по возраст и пол); | По изготвувањето |
| 102. | - Структура на вработени во училиштата, листа на наставници и професори; | По изготвувањето |
| 103. | - Контакти за образовните институции на подрачјето на општината; | По изготвувањето и при секоја промена |
| 104. | - Анализи и статистики за потребите на пазарот на труд во стопанството наспроти бројот на запишани ученици / студенти | По изготвувањето |
| 105. | - Информации за видот, постапката и условите за доделување на општински ученички / студентски награди и стипендии; | По изготвувањето и при секоја промена |
| 106. | - Информација за постојни и планирани проекти во образованието; | По изготвувањето и при секоја промена |
| | **2.12. Социјална и детска заштита** | |
| 107. | - Социјален план на Општина Гевгелија; | по усвојување од Советот |
| 108. | - Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита; | по усвојување од Советот |
| 109. | - Програма на општина Гевгелија за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести; | по усвојување од Советот |
| 110. | - Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи; | по усвојување од Советот |
| 111. | - Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Гевгелија; | по усвојување од Советот |
| 112. | - Општинска политика и мерки за поддршка на лица со попреченост; | По изготвувањето |

| | | |
|---|---|---|
| 113. | - Листа на установи за социјална заштита на различни категории на граѓани на подрачјето на општината; | По изготвувањето |
| 114. | - Извештаи и истражувања на надлежниот МЦСР; | По изготвувањето |
| 115. | - Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош од Буџетот на Општина Гевгелија; | По донесувањето и при секоја измена |
| 116. | - Буџетски средства кои општината ги користи за доделување на социјална помош/заштита (висина на Буџет, услови, процедура и квартални извештаи за број на корисници и вид на социјална помош од општинскиот буџет); | квартално |
| 117. | - Листа на детски градинки во Општината (контакт, локација, капацитет, услови, цени...); | По изготвувањето |
| | **2.13. Култура** | |
| 118. | - Стратегија / Програма за култура ;<br>- Извештај за реализација на Програмата; | по усвојување од Советот и при секоја промена |
| 119. | - Годишен Буџет планиран за култура и преглед наносители на одобрени активности кои ќе се финансираат од тој буџет; | по усвојување од Советот |
| 120. | - Информации / квартални извештаи за релизација на буџетот наменет за култура и преглед на реализирани културни активности; | квартално |
| 121. | - Планови и програми на општината за одбележување на различни настани: културни манифестации, спортски настани, настани за деца и младинци | по усвојување |
| 122. | - Програма за заштита, оддржување и промоција на културни споменици, спомен куќи и обележја во општината;<br>- Извештај за реализација на Програмата; | по усвојување од Советот |
| 123. | - Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја; | по усвојување од Советот |
| 124. | - Институции и објекти од областа на културата на подрачјето на општината; | По изготвувањето |
| 125. | - Регистар на споменици и спомен обележја на подрачјето на општината; | По изготвувањето |
| 126. | - Музејска евиденција и документација за знаменитисти од подрачјето на општината; | По изготвувањето |
| | **2.14. Спорт** | |
| 127. | - Стратегија / Програма за спорт;<br>- Извештај за реализација; | по усвојување од Советот |
| 128. | - Годишен Буџет планиран за спорт и спортски активности и Преглед на реализација по носители на активности финансирани од пштината; | квартално |

| | | |
|---|---|---|
| 129. | - Информација за условите и процедурата за добивање на средства од општинскиот буџет за активности на спортски клубови, здруженија и поединци корисници на буџетските средства; | По усвојувањето |
| 130. | - Информација за поттикнување и развој на спортот во училиштата; | По изготвувањето |
| 131. | - Информација за развој на спортот во општината; | По изготвувањето |
| 132. | - Информација за спортски објекти на подрачјето на општината; | По изготвувањето |
| 133. | - Информација за условите на користење (концесија) на спортските објекти; | По изготвувањето |
| 134. | - Листа на спортски клубови, здруженија и друштва во општината (општи податоци, контакт); | По изготвувањето |
| 135. | Календар на спортски настани во општината; | По изготвувањето |
| | **2.15. Локален економски развој** | |
| 136. | - Стратегии/Програми/Планови/Проекти за локален еконосмки развој на општината; | по усвојување од Советот и при секоја промена |
| 137. | - Програма / Проекти/ Извештаи за прекугранична соработка на општината; | по усвојување / за текот на реализацијата континуирано |
| 138. | - Информација за реализацијата на Стратегијата/Туристичката платформа за туризам; | По изготвувањето |
| 139. | Информација за развој на селски, еко и етно-туризам; | По изготвувањето |
| 140. | - Листа на субјекти и услуги во селски, етно и еколошки туризам; | По изготвувањето |
| 141. | - Информација за структура на работната сила во општината; | По изготвувањето |
| 142. | - Листа на мали и средни претпријатија во општината; | По изготвувањето |
| 143. | И информација за стопански/индустриски зони на подрачјето на општината; | По изготвувањето |
| 144. | - Листа на активни компании; | По изготвувањето |
| 145. | - Листа на трговски дејности од мал обем; | По изготвувањето |
| 146. | - Листа на угостителски дејности од мал обем; | По изготвувањето |
| 147. | - Информација околу можностите за економско јакнење на жените; | По изготвувањето |
| 148. | - Информација / извештај за остварена соработка со граѓански организации; | По изготвувањето |
| 149. | - Статус, Профил, Програма /Проекти/ Извештаи за работењето на „ФЛОРИТ„ | По изготвувањето |
| | **2.16. Еднакви можности на жените и мажите** | |
| 150. | - Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите;<br>- Извештај за реализација на Програмата; | по усвојување од Советот и при секоја промена |
| 151. | Проекти реализирани во рамки на | |

| | | |
|---|---|---|
| | унапредување на еднаквите можности на жените и мажите; | тековно |
| | **2.17. Слободен пристап до информации од јавен карактер** | |
| 152. | Податоци за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер (овластено лице, контакт...) | тековно |
| 153. | Листа на информации од јавен карактер; | тековно |
| 154. | Стандардизиран годишен извештај; | По испраќање до ДКСПИЈК |
| | **2.18. Локален младински совет** | |
| 155. | - Статут и органи на ЛМС; | тековно |
| 156. | - Раководство на ЛМС; | тековно |
| 157. | - Програма и проекти на ЛМС; | тековно |
| 158. | - Извештаи и информации од активностите на ЛМС; | тековно |
| | **2.19. Инспекциски надзор** | |
| 159. | - Годишна програма за работа на општинските инспекциски служби; | По донесување |
| 160. | - Информација по области за реализација на годишната програма за работа на овластените општински инспектори; | крај на тековната или почеток на следната година |
| | **2.20. Систем 48** | |
| 161. | - Извештаи од функционирањето на системот и за преземените активности; | квартално |
| | **2.21. ТППЕ Гевгелија** | |
| 162. | - Контакт, извештаји, информации и соопштенија од ТППЕ- Гевгелија; | континуирано |
| | **2.22. Јавни претпријатија / установи основани од општината** | |
| 163. | -Профил на сите општински претпријатија и установи (назив, надлежност, раководство, контакт, локација, работно време, линк до нивна веб страна) | По изготвување |
| | **2.23. Граѓански организации** | |
| 164. | -Информации за урбаните и месните заедници (локација/адреса, контакт, раководство); | По изготвување |
| 165. | -Регистар / листа на граѓански организации (локација/адреса, контакт лице) | По изготвување |
| 166. | - Годишна Програма за финансирање на активности на Месните заедници од општинскиот буџет;<br>- Извештај за реализација на Програмата; | по усвојување од Советот |
| 167. | - Годишна Програма за финансирање на активности на НВО и здруженија на граѓани од општинскиот буџет;<br>- Извештај за реализација на Програмата; | по усвојување од Советот |
| 168. | - Периодични табеларни прегледи на реализирани буџетски средства по корисници и активности од програмите за финансирање на Месни заедници и здруженија на граѓани; | квартално |

**3. Форми и алатки за реализација на програмата**

- **Веб страна -** граѓаните генерално се повеќе го користат Интернетот како начин на информирање. Затоа, објавувањето на информациите/податоците, чиј имател е општината на општинската веб страница е практично, ефикасно и ефективно поедноставување на комуникацијата со граѓаните и важна алатка во исполнување на целта – практикување на активна транспареност.

За да се постигнат целите на програмата потребно е да се направи редизајнирање според утврдените податочни сетови;

- **Службен гласник на општина Гевгелија** е институционализирана форма на јавно објавување на сите акти/документи, кои ги носат органите на општината. Бидејќи објавувањето на актите, кои ги носат Градоначалникот и Советот на општината е и законска обврска, Општината Службениот гласник ќе го подготвува и објавува периодично (по потреба) и во е-формат, соодветен на јасен начин да обезбеди пристапност до документите на Општината, за да истиот биде достапен на веб страната на општината;

- **Преноси и снимки од седниците на Советот на Општина Гевгелија** достапни на веб страната на Општината;

- **Систем 48** – како веќе востановена електронска платформа преку која е овозможено брзо и ефикасно пријавување и решавање на проблеми од надлежност на општината;

- **Е-дневен билтен** – известување за дневните активности на и во Општината;

- **Електронски и печатени медиуми** – ќе се користат соодветно на потребите кои произлегуваат од законските норми на задолжително објавување во најмалку два национални медиуми (печатени весници), кога станува збор за јавни објави, огласи, конкурси, повици и слично. Исто така, електронските и печатените медиуми ќе бидат соодветно користени и за промоција на Општина Гевгелија (настапи во емисии, интервјуа, изјави и сите останати форми на новинарско изразување). Во смисла на континуирана афирмација на активностите на локалната самоуправа, Општината ќе подготвува, по потреба и ќе издава (објавува во е-формат и печатено издание) информативни билтени („Гевгелиски магазин“) и промотивен материјал;

- **Периодични печатени публикации од информативен карактер**

За одредени потреби, кои ќе произлезат од програмските активности за извршување на надлежностите (промоција на проекти/ активности, афирмација на одредени мерки, подигање на јавната свест по одредени прашања и слично) Оштината ќе подготвува и печати и немански публикации.

- **Собири на граѓани и трибини** како традиционален и најнепосреден облик на комуникација, ќе се практикува и во иднина. Особено во сферите, кои се надлежност на општината и препоставуваат законска обврска за задолжителна консултација на граѓаните (носење на буџет, урбанистички документи, програми и стратегии, како и пред утврдување на политики или носење на други важни одлуки, кои се од значење за локалната заедница).

**- Огласна табла** – како најдолго и начесто применувана форма на обезбедување достапност на информациите кои се од интерес на јавноста.

## VI. Финансиски импликации врз Буџетот на општина Гевгелија

За реализација на оваа програма потребни се средства од Буџетот на Општина Гевгелија, во висина и за намени прикажани во следната табела:

| *Р. бр.* | *Намена/активност* | *Износ во денари* |
|---|---|---|
| 1. | **Веб страна на општина Гевгелија:**<br>- Редизајнирање и оддржување | 60.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Хостирање | 10.000,00 |
| 2. | **Користење на медиумски простор и издавање**:<br>- Годишна претплата на дневни печатени медиуми;<br>- Огласување во национални печатени медиуми;<br>- Издавање на „Гевгелиски магазин“ и други печатени материјали од информативен карактер (компјутерска подготовка и печатење);<br>- Вкоричување на „Службен гласник на Општина Гевгелија“ | <br>14.400,00<br>600.000,00<br>569.200,00<br>32.450,00 |
| 3. | Снимање и емитување на Седници на Советот на општината; | 780.000,00 |
| | **Вкупно** | **2.066.000,00** |

**VII. Завршни одредби.**

За да се имплементираат активностите од Програмата за активна транспарентност и да се постигнат очекуваните цели, се задолжува Градоначалникот на општина Гевгелија, веднаш по усвојувањето на Програмата, во рок од најмногу 1 месец, да донесе Правилник со кој ќе се утврдат интерните процедури и комуникацијата помеѓу организационите единици во општинската администрација и ќе определи лица од секоја организациона единица, кои ќе бидат одговорни за спроведување во пракса на принципите и целите на оваа Програма.

Бр.09-1609/1
26.12.2024 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

**с.р.**